**UDK 37.014.5:323.118(497.7:=214.58)**

**СУРЛОВСКА-РИСТЕВСКА, Розе**[1]

# СЕГРЕГАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ЕДНА ОД МАНИФЕСТАЦИИТЕ НА АНТИЦИГАНИЗМОТ
## (Анализа на пресуда: Елмазова и други против Северна Македонија (*Апликации бр. 11811/20 и 13550/20)*)

*“Prejudice is a burden that confuses the past, threatens the future and renders the present inaccessible”*
*- Maya Angelou*

**Апстракт**

Несомнено е дека расизмот и дискриминацијата спрема Ромите се манифестирани во државите во Европа и тоа за жал на повеќе полиња. Сегрегацијата во образованието е вкоренета и во македонскиот образовен систем како што потврдуваат резултатите од многуте истражувања наспоменати во овој труд, предводени со пресудата од Европскиот суд за човекови права – Елмазова и други против Северна Македонија (Апликации бр. 11811/20 и 13550/20). Анализата на оваа пресуда детално го објаснува процесот во нашето законодавство кој претходел на поднесување на претставката пред ЕСЧП, што ни ги истакнува токму моментите во кои нашиот систем потфрлил да ги заштити Ромите дискриминирајќи ги и прекршувајќи ги нивните основни човекови права.

Во овој труд се анализирани поимот за сегрегација како и видовите на сегрегација со посебен осврт на сеграгацијата во образованието во нашата држава. Корените на институционалната дискриминација се обидов подетално да ги истражам како што ги анализирав зачетоците на појавата на Антициганизмот; кои ме доведоа до заклучокот дека нациите/државите се клучни виновници за креирање на дикриминаторна политика спрема Ромите ставајќи ги во инфериорна положба со споредба со останатите граѓани.

***Клучни зборови:*** *Институционална дискриминација, антициганизам, сегрегација, образование, Роми.*

**SURLOVSKA RISTEVSKA Roze**[2]

# SEGREGATION OF ROMA IN EDUCATION AS ONE OF THE MANIFESTATIONS OF ANTI-GYPSYISM

## (Analysis of judgment: Elmazova and others v. North Macedonia (Applications no. 11811/20 and 13550/20))

**Abstract**

There is no doubt that racism and discrimination against Roma are manifested in European countries, and unfortunately, in many fields. Segregation in education is also rooted in the Macedonian education system, as confirmed by the results of many studies mentioned in this paper, led by the judgment of the European Court of Human Rights in Elmazova and Others v. North Macedonia (Applications No. 11811/20 and 13550/20). The analysis of this

[1] *Докторанд на катедрата по Казнено право, Правен факултет, Универзитет “Гоце Делчев”, Штип, e-mail: roze.3074@student.ugd.edu.mk*
[2] *PhD student at the Department of Criminal Law, Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip, e-mail: roze.3074@student.ugd.edu.mk*

judgment explains in detail the process in our legislation that preceded the submission of the application to the ECHR, which highlights the very moments in which our system failed to protect Roma by discriminating against them and violating their fundamental human rights.

This paper analyzes the concept of segregation as well as the types of segregation with a special focus on segregation in education in our country. I tried to investigate the roots of institutional discrimination in more detail as I analyzed the beginnings of the emergence of Anti-Gypsyism; which led me to the conclusion that nations / states are key culprits for creating discriminatory policies towards Roma, placing them in an inferior position compared to other citizens.

***Keywords:*** *Institutional discrimination, Antigypsyism, Segregation, Education, Roma*

## 1. Вовед

На 10 до 12 милиони Роми во Европа им се ускратени основните човекови права и жртви на широко распространета дискриминација, расистички напади и говор на омраза. Справувањето со структурниот расизам и отфрлањето на предрасудите се од суштинско значење за да се осигура дека Ромите можат да станат еднакви граѓани во европските општества.[3]

Сегрегацијата на Ромите во образованието во Република Северна Македонија е детектирана во повеќе домашни и меѓународни документи кои се опишани во продолжение. Во еден од документите е забележано дека за носителите на образовните политики и практики, вообичаено, како да е доволно ромските деца да се само формално запишани на училиште, без да се обезбедат мерки за квалитетно образование на исто ниво како за мнозинството (Фонд за образование на Ромите, 2010). Сите заложби како да се насочени кон инсистирање на децата од ромската популација да бидат запишани во училиште, а сè помалку на квалитетот на образование што го добиваат. Оваа појава е поттикната и од самите училишта, со оглед на тоа што полесно е наставата да се реализира без дополнителни напори кои треба да се вложуваат за да се постигнат резултати со децата кои имаат големи пропусти во образованието и потешко напредуваат. И кога се во училиште, практиката потврдува дека многу деца од ромската популација (но не само тие, туку и многу деца од ранливите групи кои имаат посебни образовни потреби и тешкотии во учењето) само преминуваат во погорните одделенија се до ниво кога самите ќе се откажат не можејќи да одговорат на редовните барања на наставата (најчесто на преминот од петто во шесто одделение, односно од преминот од одделенска во предметна настава). Дополнителен проблем претставува и јазикот на наставата.

Во документ од 2008 година подготвен од УНДП (UNDP, 2008), подлабоко се анализираат причините за поделеноста во општеството. Притоа, се нагласува лошата состојба и сегрегираноста во образованието, за која се вели дека понатаму води во подлабока сегрегација во општеството. Во анализата од следната година, се повторува загриженоста за длабоката сегрегација и се истакнува дека родителите сè помалку сакаат да ги запишуваат своите деца во училишта каде што учат и ученици од други етнички заедници.

Сегрегираноста во образованието е тесно поврзана со ниските академски постигања на Ромите. Во Стратегијата за Ромите во Република Македонија (Министерство за труд и социјална политика, 2004) од 2004 година е забележано дека сегрегацијата е фактор на нискиот степен на образовни постигнувања кај ромската популација. Во Стратегијата се препорачува развивање на стандардизирани механизми за заштита од дискриминација во образованието, воопшто, и од сегрегацијата посебно. Поврзаноста на сегрегацијата со образовните постигања е потврдена во релевантни истражувања во неколку држави во нашето поблиско опкружување, кои може да

[3] Antigypsysm, види повеќе на: https://www.enar-eu.org/about/antigypsyism/

послужат како аналогии. Тие покажуваат дека квалитетот на образованието во сегрегиран контекст ги зголемува социјалните ограничувања и разлики.

Сегрегацијата на Ромите во образованието почнува уште на ниво на предучилишно образование, за што, во нашата држава, типичен пример е населбата Шуто Оризари (Фридман, Е. и сор., 2012). Ниската застапеност на ромските деца во предучилишно образование е еден од најсилните фактори за нивните идни ниски постигања, што посредно влијае врз сегрегирање на ромските деца во конкретни средини и училишта. Од друга страна, една студија на Европскиот центар за правата на Ромите (European Roma Rights Centre, 2007) покажува дека во случаите кога ромските деца се вклучени во предучилишно образование, кое е сегрегирано, тоа претставува фактор што ќе предиспонира натамошната сегрегација на овие деца.

Според Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, во правец на заштита од дискриминација, до Државниот просветен инспекторат во периодот од пет години (2009–2014) е поднесена само една претставка против наставници или установи од областа на образовниот процес за сторена дискриминација врз основа на припадност кон ромската етничка заедница. Меѓутоа, Хелсиншкиот комитет оценува дека тоа не треба да значи дека дискриминацијата не е присутна во процесот на образование, туку говори дека родителите не се доволно информирани за дискриминацијата како појава и за механизмите за заштита од дискриминација што се воспоставени во согласност со законската регулатива. (Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2014)

Во студија посветена на мултикултурализмот во Македонија (Petroska-Beška, V., Najčevska M., Kenig N., Ballazhi S., Tomovska A. , 2009) се вели дека Високиот комесар за национални малцинства забележал „алармантен тренд на етничка поделеност во земјата“. Според комесарот, таквата поделеност по етничка и јазична основа оневозможува контакти и соживот меѓу заедниците, а сегрегираното образование ќе ја чини државата многу скапо во реализацијата на целта да се изгради кохезивно општество.

Стејт департментот на САД и во своите последни извештаи за човекови права за 2012 и 2013 година повторува дека постои нагласена сегрегација на ромските деца во специјалните училишта. (US Department of the State: Country Reports on Human Rights Practices)

Во документот на УНИЦЕФ: „Кон инклузијата на Ромите: преглед на иницијативите за образование на Ромите во Централна и Југоисточна Европа“ (UNICEF, 2009) е идентификувано дека училиштата, често, не им ја даваат потребната помош на Ромите во образованието, како и дека Ромите неретко се дискриминирани од страна на нивните соученици, но и од наставниците. Понатаму, се вели дека учениците Роми и кога се вклучени во образованието, често, се сегрегирани во одделни училишта или паралелки или во специјални училишта. Се констатира дека сиве овие форми на сегрегација резултираат со низок квалитет на образованието на Ромите.

Алијансата против антициганизмот, коалиција од 95 ромски и проромски организации предводени од European Roma Grassroots Organisation Network, ја дава следнава работна дефиниција за антициганизмот: (Report prepared by Iulius Rostas, 2021)

*Антициганизмот е историски конструиран, постојан комплекс на расизам против општествените групи идентификувани под стигмата „циган“ или други сродни термини и вклучува:*

- *хомогенизирачка и есенцијализирачка перцепција и опис на овие групи;*
- *припишување на специфични карактеристики на нив;*
- *дискриминирачки општествени структури и насилни практики кои се појавуваат на таа позадина, кои имаат понижувачки и острацирачки ефект и кои репродуцираат структурни недостатоци.*

Една од клучните карактеристики на антициганизмот е улогата на државата во нејзиното создавање и овековечување. Историски гледано, државите – без разлика дали се империи или национални држави – ги користеле Ромите за да ја зајакнат нивната администрација, собирањето даноци, полициското работење и контролата врз нивното општо население. (Baar H. (van), 2011), (McGarry A., 2017). Во денешно време, со одбивањето ефективно да се справат со антициганизмот, државите ги репродуцираат историските неповолности на кои биле изложени Ромите. Насилството извршено од државни и недржавни актери врз ромските поединци и заедници, честиот неуспех на државите да преземат конкретни мерки и да ги заштитат правата на Ромите во согласност со меѓународните закони и стандарди за човекови права, ја потврдуваат главната улога на државите во создавањето и овековечувањето на антициганизмот.

## 2. Дефинирање на сегрегацијата и видови на сегрегација

Клучен чин за појава на сегрегацијата во општествените односи е одвојувањето на една група или на повеќе групи од другите. Во „Поимникот на изрази поврзани со дискриминацијата“ (Македонски центар за меѓународна соработка, 2008) сегрегацијата е дефинирана како систем од репресивни мерки и постапки со кои се спречува или се отежнува мешањето на луѓе кои се перципираат како припадници на различни групи. Акт на сегрегација постои независно од тоа дали се прави од страна на државни или на други органи, приватни лица или структури од јавен карактер (на пример: посетување училишта, посетување болници, ресторани, киносали, театри и други објекти, изнајмување станови и недвижност и сл.) и независно од тоа дали е дефинирана со закон или е дел од традиционалното општествено однесување. На пример: како акт на сегрегација може да се смета раздвојувањето на децата од различна етничка припадност во одделни училишта и факултети. Или, присилната концентрација на население од одредена етничка заедница или религиозна определба во еден дел од населено место. За сегрегација станува збор независно од тоа кој го иницира и како го спроведува издвојувањето (малцинската или мнозинската група). (Спасовски О., 2015)

- Сегрегација де јуре и де факто

Подвојувањето на заедниците или на делови од заедниците може да биде извршено со силата на законите, што претставува сегрегација де јуре. Но, под влијание на различни процеси во општеството, сегрегацијата може да се јави и да постои во реалноста, без да биде резултат од пропишани закони или правила, што претставува сегрегација де факто. Вообичаено јавноста не е доволно сензитивна за формите на сегрегацијата де јуре, што оневозможува таа да биде спречена. На овој начин, различните ранливи и маргинализирани групи или заедници остро се сегрегирани.

- Сегрегација според обележјата на заедниците

Во литературата може да се сретнат описи на различни видови сегрегација или подвојување на заедниците или на групите, кога таа се јавува според некоја од суштинските обележја на заедницата:

**Расна сегрегација** – вид на сегрегација кога подвоеноста на заедниците е спроведена врз расна основа;

**Етничка сегрегација** – кога подвоеноста на групите или на заедниците е според етничка основа;

**Верска сегрегација** – сегрегација која е извршена врз верска основа;

**Сегрегација врз јазична основа** – кога подвојувањето на групите или на заедниците се врши врз јазична основа.

- Географска и резиденцијална сегрегација

Причините што доведуваат до подвојување по расна, етничка, верска или јазична основа многу често доведуваат и до концентрирање на припадниците на дадената заедница на ограничен простор. Овој облик на сегрегација е тесно поврзан со т.н. географска сегрегација, кога групите се одвоени на одделни географски простори, како

што се, на пример, населбите. Оваа сегрегација е тесно поврзана со т.н. резиденцијална сегрегација, која претставува одвојување на заедниците според местото на живеење. За овие процеси е важно да се нагласи дека и местото на живеење многу често е последица на претходни, економски условени процеси на сегрегација.

- Полова, родова и професионална сегрегација

Посебен облик на подвоеност е половата сегрегација, кога подвоеноста на луѓето е врз полова основа, како резултат од физичка или културолошка причина или поради дејството на одредени закони. Прашањето на половата сегрегација во значителна мера се совпаѓа со т.н. родова сегрегација. Оваа појава многу често е поврзана со половите и со родовите односи во организациите и хиерархиската поставеност во организациите, во кои, вообичаено, жените, во просек, имаат пониски примања од мажите за исти работни задачи и се поретко на раководни позиции од мажите. Оттука, специфична форма е своевидната професионална сегрегација, или сегрегација на жените по вертикална и по хоризонтална линија во професионален контекст. Овој вид на сегрегација е широко распространет, но кај помалку еманципираните заедници стапува во интеракција со етничката или со верската сегрегација, со што дејството станува уште позасилено. Како резултат од оваа сегрегација мажите и жените се концентрирани во различни сектори и на различни работни места на пазарот на трудот. (Казанџиска, М., Ристеска, М., Шмит, В.,, 2012)

## 3. Сегрегацијата на Ромите во образованието како манифестација на антициганизам

Проф. Иан Хенкок, Ромски научник и активист кој бил директор на Ромскиот архивски и документациски центар на Универзитетот во Тексас, Остин, ги проследил историските корени на антициганизмот до идентификувањето на неколку фактори: (Hancock I., 1997, pp. 19-49)

- поврзаноста на Ромите со исламот и азиските напаѓачи во времето на нивното појавување во Европа,
- средновековната христијанска доктрина за толкување на темната кожа како знак на грев,
- ромското културно правило за избегнување контакт со лица што не се Роми, што предизвикува недостаток на доверба,
- стратегијата за преживување на Ромите во непријателско опкружување, кои избрале да ја играат играта и да ги искористат сликите и претставите на „Циганите“ што не се Роми како егзотични и мистериозни,
- манипулација со слики и стереотипи од лица што не се Роми со цел да се дефинираат границите на нивниот сопствен идентитет,
- слабоста на Ромите економски, воена и во смисла на политичка поддршка од нивната сопствена (непостоечка) национална држава, што ги прави совршена цел за жртвено јагне,
- прикажувањето на „Циганите“ како олицетворение на слободата во книжевните текстови и медиумската фасцинација со овие идилични слики е комбинирана со огорченост и одбивност, и
- недостатокот на близок контакт помеѓу истражувачите кои не се Роми и Ромите, што доведе до објавување на сметки кои се полни со стерео типови.

Како што резимира професорот Хенкок, „можеме да ја бараме историската основа на антиромските предрасуди во голем број области, особено расизмот, верската нетолеранција, статусот на аутсајдер и фактот дека Ромите одржуваат ексклузивистичка или сепаратистичка култура.

Главните причини за антициганизмот може да се бараат уште од доаѓањето на Ромите во Европа. Од методолошка гледна точка, при истражувањето на

антициганизмот, употребата на извори што не се ромски не е проблематична, бидејќи она што е важно е како Ромите биле перципирани од локалното население, како реагирале постоечките институции на доаѓањето на овие луѓе и како односите меѓу Ромите и локалните заедници и власти се развивале со текот на времето. (Report prepared by Iulius Rostas, 2021, p. 23)

Ејдан мек Гари го лоцира потеклото на антициганизмот во соодносот на идентитетот, припадноста и територијалноста при градењето нација – држава. (McGarry A., 2017) Начинот на кој територијата и суверенитетот биле концептуализирани при изградбата на границите и политичкиот авторитет при градењето на националните држави довело до исклучување на ромските заедници, бидејќи тие не се сметало дека припаѓаат на „нацијата“, туку биле перципирани како номади. Во својот заклучок, Мек Гари ја нагласува улогата на државата и нацијата при креирање на предрасудите кон Ромите:

*Вината за ромафобијата ја ставив директно во нозете на националните држави, кои постојано ги исклучуваа ромските заедници од еднакво граѓанство и активно ги конструираа Ромите како девијантен „друг“ кој го загрозува ткивото на нацијата. Негативното припишување на ромскиот идентитет како криминалци, паразити, крадци, недоверливи и валкани, тврдоглаво опстојува поради намерната работа на идентитетот од страна на државата.* (McGarry A., 2017, p. 245)

Уште во 2011 година, ЕКРН усвои препорака за општа политика за борба против антициганизмот и ја дефинираше на следниов начин:

*Антициганизмот е специфичен облик на расизам, идеологија заснована на расна супериорност, форма на дехуманизација и институционален расизам негувана со историска дискриминација, која се изразува, меѓу другото, со насилство, говор на омраза, експлоатација, стигматизација и најеклатантен вид. на дискриминација.* (European Commission against Racism and Intolerance, 2020).

Манифестациите на антициганизмот и анализата на нивното функционирање во пракса овозможуваат подобро да се разбере улогата на антициганизмот во секојдневниот живот на Ромите. Маркус Енд многу умешно истакнува дека антициганизмот треба да се смета како идеологија:

*Неопходно е да се разбере дека антициганизмот не мора да ги таргетира само вистинските поединци од ромско потекло. Антициганските слики можат многу добро да се проектираат и на други групи. Оттука, неопходно е да се разбере антициганизмот како идеологија, форма на комуникација, збир на слики и стереотипи кои се конструирани, овековечени и реафирмирани од мнозинските општества.* (End M., 2015, p. 103)

**Училишната сегрегација на децата Роми е уште еден израз на антициганизам**. (Rostas I. and Kostka J., 2014) Во суштина, сегрегацијата го попречува еднаков пристап до образование со ограничување на социјализацијата и на децата Роми и на не-Роми. Се состои од физичко одвојување на децата Роми од нивните врсници во училиштата, одделенијата, зградите и другите објекти или презастапеноста во специјалните училишта и паралелките за деца со попреченост. Тоа е често поврзано со сегрегација на станови, историски фактор во физичката изолација и маргинализација на ромските заедници. Сегрегацијата претставува еклатантен облик на дискриминација што често се толерира, генерално, од креаторите на политиките. Законски, сегрегацијата не е јасно дефинирана и е многу тешко да се справи поради сложеноста на феноменот и ограничувањата на сегашната правна рамка во Европа. Сегрегацијата во образованието и домувањето е комбинирана со иселување, кое често се врши без да им се понуди алтернативно домување на жртвите, за да се репродуцираат структурните социјални нееднаквости меѓу Ромите и оние што не се Роми, и изразување на антициганизам во општествата. (Report prepared by Iulius Rostas, 2021, p. 35)

## 4. Форми на сегрегација во образовниот процес

Сегрегацијата на Ромите во образованието е во фокусот на оваа анализа. Во поглед на подвојувањето во образовен контекст, сегрегацијата најчесто се јавува врз етничка или врз верска основа, што најчесто е реализирано и со подвојување врз јазична основа. Етничката и верската сегрегација неретко резултираат со резиденцијална (географска) сегрегација, па оттука овој вид сегрегација, често, е присутен во образовниот контекст. Генерално, сегрегацијата во образованието може да биде резултат од резиденцијалната сегрегација или да се јави како резултат од менаџерски одлуки или одлуки на носителите на политиките на сите нивоа во образовната хиерархија, од една паралелка до самата Влада. (Спасовски О., 2015)

**Сегрегацијата во образованието**, како резултат од резиденцијалната сегрегација, е појава кога учениците од различни етнички, верски или јазични заедници кои живеат во различни, одвоени населби, учат во различни и одвоени училишта.

**Резиденцијалната сегрегација** може да резултира со појавата некои училишта да станат „гетоизирани“. Вакви процеси се присутни во одредени училишта во Р Македонија. Постојат повеќе причини за оваа појава. Гетоизирањето делумно се јавува поради демографски промени, но, пред сѐ, гетоизирањето се случува поради тенденција неромските деца да се отпишуваат или, воопшто, да не се запишуваат во конкретни училишта (недоследна примена на одредбите за реонизација), што е проследено со паралелни дискретни притисоци врз Ромите да се запишуваат токму во тие училишта.

**Сегрегацијата како резултат од менаџерски или од политички одлуки** се јавува во ситуации кога учениците, иако живеат во мешани населби, вообичаено се сегрегирани врз етничка, верска, јазична (а во случајот на Ромите и врз расна) основа, и учат во одвоени смени или одвоени одделенија (училници). Подвојувањето на етнички „чисти“ одделенија или смени често е резултат од одлука на раководни структури на ниво на училиште, на локална или на централна управа, со образложение дека претставува остварување на правото да се учи на мајчин јазик. Посебен вид сегрегација во образованието е сегрегацијата во специјални училишта и специјални одделенија во рамките на редовните училишта.

### a. Неманифестни облици на сегрегација

- Скриена сегрегација

Наспроти манифестните облици на сегрегација, постојат повеќе појави на „скриена сегрегација“. Ја нарекуваме скриена, затоа што не е истакната во официјалните бројки или не е поврзана со видливата сегрегација во типичните ромски средини. Типичен пример за оваа форма на сегрегација е појавата во некои централни училишта кои имаат неколку подрачни единици (објекти). Имено, иако централното училиште со вкупната бројка на ученици од различни етнички заедници може да фигурира како мешано, всушност во различните објекти учениците од различните етнички заедници учат целосно подвоено. Ваквата појава многу често се јавува и во форма на поделеност по етнички смени.

Имено, дури и во средини каде што бројот на Ромите е мал и тие не се сегрегирани во посебни одделенија, не е ретка појавата на сегрегација во рамките на самото одделение. Според претставници на невладините организации, поделеноста често се јавува и во рамките на самата училница, каде што обично, учениците Роми седат во последните клупи. Во ваквите случаи „скриената сегрегација“ се провлекува и во (не)учеството на Ромите во школските и во воншколските активности (како, на пример, екскурзиите), или во улогите што Ромите ги имаат во училишните приредби и претстави. Посебна форма на скриена сегрегација е начинот на кој се претставени Ромите во школските материјали, во книгите, сликовниците и во медиумите. (Спасовски О., 2015)

- Самосегрегација

Недоволното познавање на причините и на последиците од сегрегацијата доведува до нејзино продлабочување. Во таква ситуација, единките од одредена етничка група се дури склони и на самосегрегација, кога тие гравитираат кон својот етнос, заедница, или населба каде што тие од психолошки аспект се чувствуваат безбедно и комотно. (Спасовски О., 2015)

Самосегрегацијата претставува негативен избор на луѓето кои се чувствуваат безбедно единствено на простор на кој се опкружени доминантно со својата заедница (Nick Johnson and John Tatam, 2009). Некои од Ромите учесници во фокус-групите, а посебно мајките, изјавуваат дека се чувствуваат несигурно во мешани средини поради дискриминаторскиот и агресивен однос на мнозинските заедници кон нив. Од тие причини, родителите свесно носат одлуки со кои дополнително ги сегрегираат своите деца, на тој начин што ќе ги запишат во „чисто“ ромско училиште, или, доколку нема можност за такво нешто, ќе ги отпишат од училиште. Тоа значи дека самосегрегацијата во извесна смисла е „доброволна“, а ваквата „доброволност“ претставува основа и „аргумент“ системот да не презема ништо за нејзино спречување и за превенција.

Самосегрегацијата не е резултат од тоа што родителите не ја разбираат суштинската важност на образованието, туку е последица од внатрешниот конфликт во проценката на шансите за задоволување на базичните потреби. Во стремежот кон безбедност и отсуството на шанси да се дојде до ресурси, образованието, често, не е приоритет кој носи повеќе шанси за физичка егзистенција и за опстанок. Како последица која е поврзана со самосегрегацијата е сè поизразеното барање образованието на Ромите да биде на ромски јазик, што е забележано и во скорешното истражување „Имаат ли Ромите подобро образование денес?“ (Симоска, Е. и сор, 2015). Потребата и процесот на кодификување на ромскиот јазик како културна и цивилизациска придобивка дополнително се користи за политички популизам. Барањето Ромите да учат комплетно на ромски јазик е по аналогија на барањата на другите етнички заедници во Македонија, што би водело до поизразена самосегрегација.

- Ресегрегација

Ресегрегација претставува појава, односно процес на повторена сегрегација, која во минатите децении била намалувана во одредени места, општини или реони. Со отворањето на средното училиште во населбата Шуто Оризари, постои реална опасност за поизразена сегрегација. Оваа појава истовремено ќе има елементи и на ресегрегација, со оглед на многуте успешни процеси на интегрирање на ромското население од општината. (Симоска, Е. и сор, 2015) Имено, како резултат од многу активности и мерки што беа преземани во последните години, одреден дел од младата популација Роми успешно се интегрираа во општеството. Неспорно е правото и потребите на општината со бројно население да бара подобри услови и поквалитетно образование, во што се вклопува и барањето за отворање на средно училиште на своја територија. Но, силни се индициите дека отворањето на средното училиште во Шуто Оризари ќе влијае негативно врз трендот на интегрирање на ромските ученици со другите заедници во училиштата во другите населби. Напротив, ќе резултира со тренд на запишување на мнозинството ромски ученици токму во ова училиште. Може да се предвиди дека многу бргу, ова училиште ќе стане сегрегирано, па тоа може да доведе до поостра гетоизација на ромското население во населбата.

- Сегрегација манифестирана во креирањето на политиките

За интензивирање на сегрегацијата, или барем за нејзино неуспешно спречување придонесува и начинот на кој се креираат политиките и се подготвуваат стратешките документи. Имено, стратешките документи кои се однесуваат на Ромите се скоро целосно несинхронизирани со другите развојни документи и стратегии на

државата. Се подготвуваат документи кои се изолирани од другите и се однесуваат само на Ромите (како што е Стратегијата за Ромите во РМ), со мерки и активности одвоени од севкупните општествени процеси. Тоа претставува своевидна „сегрегација во креирањето на политиките“. Тие документи не се хармонизирани со стратешките документи без кои развојот на Ромите не е можен, како, на пример, Стратегијата за сиромаштија, документите за развој на образованието или со активните мерки за вработување. Оттука, произлегува потребата – при изготвувањето на стратегии и мерки од сферата на здравството, социјалната заштита и образованието, да се води сметка тие да бидат меѓусебно кохерентни. Во спротивно, може да се случи една мерка од одредена област да биде насочена кон спречување на сегрегацијата, но, друга мерка од друга сфера да го неутрализира нејзиниот ефект.

- Повеќекратна сегрегација

Одредена група или заедница може да биде сегрегирана истовремено врз неколку основи. Тогаш станува збор за двојна, тројна или за повеќекратна сегрегација. Еклатантен пример за двојна сегрегација е сегрегацијата на Ромите во гетоизирани средини врз основа на етничка припадност и врз основа на сиромаштија. Дополнително, жените во оваа заедница се сегрегирани и врз полова основа, што претставува тројна сегрегација. (Спасовски О., 2015)

## 5. Ромите – жртви на дискриминација во образованието – анализа на статистиката од последните две децении во Република Северна Македонија

Децата Роми влегуваат во светот со тешкиот багаж на меѓугенерациската нееднаквост, родени во општества каде што дискриминацијата и социјално-економските борби се дел од секојдневниот живот. Истражувачите и креаторите на политиките се согласуваат дека ширум Европа, децата Роми доживуваат широко распространето, систематско исклучување од образованието, што доведува до значителни празнини во учеството и постигнувањата. Училишната сегрегација се чини дека е главен придонес - фактор за овие неусогласени разлики во образованието. (Harvard University, 2015)

Податоците од Министерството за труд и социјална политика покажуваат дека во учебната 2008/2009 година, 709 Роми завршиле основно училиште, што е под 60% од веројатната бројка на Роми на таа возраст. Во истата учебна година, 310 Роми завршиле средно училиште (од кои 230 во четиригодишни средини училишта, а останатите во тригодишни средни училишта). Официјалните податоци за отпишувања на Ромите за учебната 2007/2008 година зборуваат за бројка од 243 (136 момчиња и 107 девојчиња) во однос на основното образование и 53 (27 девојчиња и 26 момчиња) во средното образование.

Во поглед на образованието на возрасните, бројката на Роми кои во учебната 2007/2008 година посетувале основно училиште за возрасни е 332. Од нив 232 биле мажи, а 100 жени. Од вкупно 8 188 студенти кои завршиле високо образование во 2007 година, само 13 се Роми или само 0,16%. Показател, кој од друг аспект ја илустрира вклученоста на Ромите во образованието е вкупната бројка на наставници Роми. Во основните училишта има 20 наставници Роми, додека пак само 3 наставници Роми се вработени во средни училишта. (Министерство за труд и социјална политика, 2014)

| | Мажи | | Жени | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Роми | Не-Роми | Роми | Не-Роми | Роми | Не-Роми |
| Стапка на писменост (16+) | 91% | 98% | 75% | 95% | 83% | 96% |
| Стапка на писменост (16-24) | 90% | 97% | 83% | 96% | 87% | 96% |
| Стапка на запишување во предучилишно образование (3-6) | 13% | 12% | 19% | 36% | 16% | 25% |
| Бруто стапка на запишување во задолжителното образование (7-15) | 75% | 94% | 73% | 87% | 74% | 90% |
| Бруто стапка на запишување во повисоките години од средното образование (16-19) | 30% | 62% | 24% | 67% | 27% | 65% |
| Просечен број години на образование (25-64) | 6.9 | 10.8 | 5.1 | 10.2 | 6.0 | 10.5 |
| Просечен број години на образование (16-24) | 7.4 | 11.6 | 6.7 | 10.3 | 7.0 | 10.9 |

*Табела 1: Избрани податоци за состојбата во образованието на Ромите во Македонија (2011)* (Civil Rights Defenders, 2018)

Табелата дадена погоре, која содржи податоци од Регионалното истражување за Ромите за 2011 година, нарачано од УНДП, Светската банка и Европската комисија, открива значителни јазови помеѓу ромското и населението што не е ромско население, а исто така и помеѓу Ромите и Ромките. Во првата категорија, податоците од табелата го покажуваат ниското учество на Ромите во предучилишното и средното образование споменато во првиот пасус од овој дел, при што податоците обезбедени за населението што не е ромско население потенцираат важни разлики, особено кога станува збор за повисоките години од средното образование. Разликите меѓу Ромите мажи и Ромките жени се, исто така, важни: иако стапките на писменост и нивото на учество во задолжителното и средното образование се повисоки кај Ромите мажи отколку кај Ромите жени, стапката на запишување на ромските девојчиња во предучилишното образование е три пати повисока од стапката на запишување на ромските момчиња. (Civil Rights Defenders, 2018)

Во извештајот на Амнести интернешнл (Amnesty International, 2015), во делот за Македонија, како и во посебното поглавје „Дискриминација“ се наведува дека власта потфрлила во превенцијата и заштитата на Ромите од повеќе форми на дискриминација. Акциските планови од Декадата на Ромите и препораките на ОН од 2013 не се имплементирани. Воедно, околу 850 Роми бегалци од Косово од 1999 година останаа во Македонија без трајно решение. Во извештајот е нагласено дека најголем дел од овие бегалци се сериозно сегрегирани.

## 6. Анализа на пресуда: Елмазова и други против Северна Македонија (Апликации бр. 11811/20 и 13550/20)[4]

Ова пресуда означи еволуција во судската практика на ЕСЧП, со која Судот се изјасни против сегрегацијата на Ромите во образованието. Во едногласна и добро образложена пресуда, Судот ја осудува постојната сегрегација и појаснува дека државите имаат позитивна обврска да спроведат мерки за десегрегација што ќе „обезбедат крај на сегрегацијата“. Случајот се однесува на сегрегација на ученици Роми во две државни основни училишта во Битола и во Штип, со тоа што во првиот случај биле распределени во училиште што наводно било исклучиво за Роми, а во вториот случај биле распределени во паралелки во кои сите ученици биле Роми.

### а. Факти

Апликантите до Европскиот суд за човекови права се 87 државјани на Република Северна Македонија со ромско потекло, односно деца и нивните родители кои живеат во Битола и Штип, два града во Северна Македонија. Децата учеле во две основни

[4] Европски суд за човекови права, пресуда од 13/03/2023, Апликации бр. 11811/20 и 13550/20, Елмазова и други против Северна Македонија

училишта, Ѓорѓи Сугарев во Битола и Гоце Делчев во Штип. Она што сметам дека е битно да се напомене е дека се наведуваат имињата на родителите, додека децата апликанти се анонимизирани за да се заштити нивната приватност со оглед на тоа што случајот се однесува на деца. Во учебната 2021–2022 година, за прв пат, секое дете запишано во новата паралелка во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ било од ромско потекло, и покрај тоа што уште едно основно училиште на само 600 метри ги има речиси сите ученици, етнички Македонци. Во ОУ „Гоце Делчев“ во Штип, учениците Роми сочинувале 67% од учениците во учебната 2018–2019 година, но некои ученици од прво одделение биле ставени во 100% ромски паралелки. Во двата случаи, сегрегацијата во голема мера се должи на тоа што родителите не-Роми ги отстранувале нивните деца и ги запишувале во училишта со помал број ученици Роми присутни (феномен познат како бел лет). Битно да се напомене е дека родителите забележале дека квалитетот на образованието што им се нуди на децата во училиштата со ромско мнозинство опаднал. Процесот на „бел лет“ беше потпомогнат од училишните власти кои им оневозможувале на родителите Роми да го сторат истото како што родителите не-Роми да ги запишат своите деца некаде каде што би можеле да добијат подобро образование.

### b. Постапка пред Уставен суд и други релевантни информации

Во 2015 и 2016 година, извештаите на Националниот народен правобранител на Северна Македонија и ЕЦПР соодветно заклучија дека постоела сегрегација во двете основни училишта во голема мера поради одбивањето на родителите од етничките Македонци да ги запишат своите деца во училишта со претежно ученици Роми. На 12 ноември 2018 година, група родители Роми и деца од ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ поднеле барање за заштита на слободите и правата пред Уставниот суд како жртви на сегрегација и дискриминација во остварување на правото на образование. Иако судот заклучил дека „децата во областа Баир посетуваат две етнички поделени училишта“, тој ја отфрли жалбата и одбил да утврди дека учениците од ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ доживеале различен или нееднаков третман во нивното право на образование. Исто така, кон крајот на 2018 година, група родители Роми и деца од ОУ „Гоце Делчев“ поднеле слично барање пред Уставниот суд во која се наведува дека поради сегрегацијата и дискриминација, немаат исти можности како учениците не-Роми во нивното понатамошно образование, вработување и интеграција во општеството. Судот и во овој случај одби да утврди дека сегрегираните ученици биле третирани поинаку од учениците во мешани паралелки.

Во 2021 и 2022 година, Европскиот центар за правата на Ромите поднел претставки до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во врска со сегрегацијата на ученици Роми во двете основни училишта во учебната 2021/2022 година. Тие резултирале со позитивни одлуки во кои Комисијата утврдила дека дискриминацијата е системски проблем во образовниот систем во овие области и ги потврдила долгорочните негативни последици што сегрегацијата може да ги има врз децата. Комисијата издала општа препорака до релевантните државни и локални власти како и до администрацијата на засегнатите училишта за обезбедување построга и поконзистентна примена на одлуките за реонизација кои би ја намалиле сегрегацијата на Ромите.

Европскиот центар за правата на Ромите ги поддржал ромските семејства да ги поднесат случаите пред Европскиот суд за човекови права и се пожалија дека сегрегацијата во двете основни училишта била без никакво објективно и разумно оправдување, резултирало со дискриминација што ги повредува правата на апликантите за заштита од дискриминација според член 14 од Конвенцијата земен во врска со член 2 од Протоколот бр. 1, кој гарантира право на образование. Секој во Северна Македонија е заштитен од дискриминација врз основа на раса, етничко потекло или боја од која било јавна власт или во врска со кое било право, вклучително и правото на образование. Било истакнато на Европскиот суд дека ова создава особено силни

обврски за Северна Македонија да стави крај на сегрегацијата во училиштата и другите форми на дискриминација.

На 28 јануари и 12 април 2021 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права во Скопје поднел граѓанска тужба за надомест на штета против неколку државни и локални органи, вклучувајќи ги Општините Битола и Штип, барајќи од првостепениот суд во Скопје да утврди дека постоела „сегрегација на децата Роми во образовниот процес“. Тужителот се повикал на многубројните извештаи од домашни и странски невладини организации, како и од меѓународни органи, издадени од 2009 година наваму, во кои се забележува ситуацијата на Ромите во тужената држава. Исто така, ги забележал релевантните факти, судски одлуки и пријави во врска со наводната дискриминација и сегрегација во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ и ОУ „Гоце Делчев“.

### c. Национална законска рамка

Стратегијата за Роми 2014-2020 година главно се фокусира на вработувањето образованието, домувањето, здравството и културата. (Министерство за труд и социјална политика, 2014) Во делот на образованието оваа стратегија препорачува да се надминат проблемите со раното напуштање на образованието и со сегрегацијата во училиштата.

Според Законот за основно образование основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон. Основното училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина само доколку има слободни места за запишување. Основачот, односно во овој случај општината, го утврдува реонот на основните училишта од кој што се запишуваат учениците.[5] Според Законот за основно образование, родителот има право да го запише своето дете во основното училиште во реонот во кој живее или онаму каде што постојано престојува. Според истиот закон родителот може да го запише детето во друго основно училиште во истиот или друг реон ако за тоа има согласност од училиштето во кое се запишува и доколку има слободни места. Списокот на децата од реонот за запишување во основно училиште се добива од надлежните служби во единицата на локалната самоуправа кои водат евиденција за постојаните и привремените жители.[6]

Во сите свои извештаи од 2010 година наваму, Народниот правобранител постојано укажува на сегрегација во образованието врз јазична и етничка основа. Посебно е нагласена сегрегацијата на ромските ученици во издвоените училишта и паралелки. Притоа се потенцира и несразмерната застапеност и сегрегација на Ромите во специјалните училишта.[7]

Во својот Извештај за 2010 година[8], Народниот правобранител нагласува дека: „Граѓаните реагираа и на појавата на стереотипи во образовниот процес, вршење сегрегација на децата од ранливите групи (особено на ромската заедница) и на неостварување на правото на образование на мајчин јазик на припадниците на заедниците“ (стр. 87).

Во извештајот за 2011 година, Народниот правобранител ја потенцира потребата за преземање мерки и промотивни политики во однос на Ромите и на ромските деца кои се цел на најинтензивно негативно стереотипизирање и социјално дистанцирање од страна на останатите деца. „За жал, во Републиката, сè уште постои сегрегација на ромските ученици, кои во некои училишта се одделуваат од останатите ученици во посебни паралелки и кај нив, воопшто, не се применува реонизацијата на запишување

---

[5] Закон за основно образование, Член 46. Службен весник 103/08
[6] Закон за основно образование, Член 50. Службен весник 103/08
[7] Извештај на народниот правобранител. Информации за состојбата со запишувањето на Ромите во прво одделение и нивното распоредување по паралелки меѓу учениците од друга етничка припадност во учебната 2014/15 година. Available at: http://ombudsman.mk/upload/Posebni%20izvestai/2015/Informacija%20RomiObrazovanie-2015.pdf.
[8] Годишни извештаи на Народниот правобранител: http://ombudsman.mk/MK/godishni_izveshtai.aspx

во образовниот процес. Така, во некои општини каде што ромската етничка заедница е побројна, како што се: Битола и Штип, ромските деца се запишуваат само во одредени училишта, без оглед дали училиштето му припаѓа на реонот во кој се наоѓа нивниот дом“ (стр. 101)

Во својот извештај за 2012 година, Народниот правобранител дава свое видување за (дел од) причините за сегрегацијата по етничка основа. Имено, во извештајот се вели: „И понатаму учениците учат во етнички мешани училишта во кои наставата се одвива на два или на повеќе јазика и кој претставува дополнителен фактор на поделба, затоа што во име на спречување на меѓуетничките конфликти, учениците што ја следат наставата на различни јазици се раздвојуваат по смени или по згради. Ваквите поделби доведуваат до чести бојкоти на наставниот процес, до конфликти помеѓу учениците, па и помеѓу наставниците од различни етникуми, што како резултат доведува до тоа да имаме и насилства во училиштата“ (стр. 102).

Народниот правобранител во извештајот за 2014 година, наведува дека во истата година има спроведено активност за следење на уписите на децата во прво одделение во основно образование, со цел да се утврди дали и колку се почитува одлуката за реонизација при уписите во основните училишта во Македонија, како и составот на паралелките во училиштата каде што учат деца со различна етничка припадност. Се наведува дека оваа активност имала цел да ја утврди состојбата во училиштата со мешан етнички состав, односно дали при формирањето паралелките во секое одделение се застапени ученици од различен етнички состав или пак, станува збор за етнички чисти, односно сегрегирани одделенија/ класови. Во извештајот се потенцира дека истражувањето потврдило оти одлуката за реонизација при упис на првачиња не се почитува еднакво во сите основни училишта и отсуствува поголема ажурност од надлежните органи на локалната самоуправа за превенирање и за надминување на сегрегацијата во училиштата на нивна територија. Како примери за сегрегирани училишта се наведени основните училишта: ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ во Битола, „Добре Јовановски“ во Прилеп, „Аврам Писевски“ во с. Бардовци, Скопје и „Гоце Делчев“ во Штип. Понатаму е констатирано дека поради тоа што родителите одбиваат да ги запишат своите деца во училишта каде што има поголем број деца припадници на ромската етничка заедница се појавува состојба на сегрегација, што било потврдено во наведените училишта. Во извештајот се наведува дека и во средните училишта, опфатени со истражувањето, била забележана појавата на формирање чисто етнички паралелки во зависност од тоа на кој јазик се изведува наставата.

### d. Пресуда на ЕСЧП

На 13 декември 2022 година, ЕСЧП донесе пресуда со која утврди дека децата Роми во двете училишта биле дискриминирани и дека заслужуваат правичен надоместок. По повторувањето на општите принципи кои се применуваат за случаите на сегрегација на Ромите, ЕСЧП започнува со утврдување дека двете училишта нуделе програма која била иста, или барем слична на онаа на другите јавни основни училишта. Истакнал дека постои голема диспропорција помеѓу распоредувањето на Ромите и не-Ромите во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ Освен тоа, тој напоменал дека главната причина за тоа е начинот на кој во пракса се применувала регулаторната рамка за прием и трансфер на ученици што се должи на одбивањето на родителите кои не се Роми да ги запишат своите деца во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“. Судот смета дека етничката структура на жителите во реонот не може, во дадените околности, да биде доволна за објективно оправдување на сегрегацијата на Ромите. Судот не смета дека апликантите треба да се сметаат за одговорни за обжалената ситуација поради нивниот неуспех да побараат префрлување во други училишта. Како прво, нивниот избор да се запишат во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“, како училиште за нивен задолжителен прием, бил во согласност со главното правило за упис на ученици според членовите 46 и 50 од Законот за основно образование. Второ, и уште поважно, примарно е државата да преземе позитивни ефективни мерки за да ја исправи фактичката нееднаквост на апликантите и да избегне продолжување на

дискриминацијата која произлегла од нивната преголема застапеност во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ со што ќе се прекине кругот на маргинализација и ќе им се дозволи да живеат како рамноправни граѓани уште од раните етапи на нивниот живот.

Во врска со второто училиште, ОУ „Гоце Делчев“ фактите покажуваат дека во учебната 2017/2018 година, учениците Роми претставувале 64% од сите ученици во прво одделение, а во учебната 2018/2019 година претставувале 67%. Во секоја од разгледуваните учебни години, имало три паралелки во прво одделение, од кои две биле мешани, а во една сите ученици биле Роми. Според ова, не може да се каже дека било општа политика учениците Роми автоматски да се распределуваат во одделни паралелки во предметното училиште. Во исто време, во академската 2017-2018 година, паралелката само за Роми имало само 18 ученици (во споредба со 31 и 32 во мешаните паралелки), што подразбира помалку ученици од минималниот праг утврден со закон - 24 ученици. Училиштето го признало постоењето на сегрегација и презело одредени мерки за справување со проблемот. Овие мерки пропаднале главно поради противењето на родителите на децата кои не се Роми. Судот едногласно заклучил дека сегрегацијата на децата Роми во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ (преголема застапеност), и ОУ „Гоце Делчев” (класа само Роми) претставуваа дискриминација, поради неуспехот на државата да ги спроведе потребните позитивни мерки (десегрегација). Според членот 46 од ЕКЧП, тој смета дека „соживотот на членовите на општеството ослободени од расна сегрегација е основна вредност на демократските општества и дека инклузивното образование е најсоодветното средство за гарантирање на основните принципи на универзалност и недискриминација во остварување на правото на образование“. Затоа, треба да се преземат мерки за да се обезбеди крај на сегрегацијата на учениците Роми во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ и ОУ „Гоце Делчев“, како што е препорачано од Европската комисија против расизам и нетолеранција, Националната комисија за спречување и заштита од дискриминација и омбудсманот.

## 7. Комисија за спречување и заштита од дискриминација утврди дискриминација и сегрегација на ученици Роми во прилепско (Европски Центар за правата на Ромите)

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, издаде мислење против основно училиште во Прилеп поради „индиректна, континуирана дискриминација што доведува до сегрегација“ на ученици Роми. Мислењето, издадено на 18-ти јануари 2024 година, е резултат на претставка поднесена од Европскиот центар за правата на Ромите (European Roma Rights Centre- ERRC) во септември 2023 година, во име на родителите на засегнатите ученици Роми против основното општинско училиште „Добри Јовановски“. Ова е трето вакво мислење кон македонско училиште во последните години, откако училишта во Штип и Битола беа осудени за сегрегација на ученици Роми во февруари и август 2022 година.

Комисијата издала неколку препораки до различни органи, со кои му препорачала на општинското основно училиште „Добри Јовановски“ да се воздржи од преземање на дејствија кои би резултирале со сегрегација на учениците Роми кои се запишуваат во ова училиште, а Општина Прилеп да преземе активности за доследно почитување на актите за реонизација, што за цел би имало десегрегација. Останатите препораки вклучувале зголемување на бројот на педагошки асистенти во училиштата, поттикнување на соработката меѓу општинските власти и граѓанските организации и определување построги критериуми за запишување ученици во региони надвор од местото на живеење од страна на Министерството за образование и наука. Посочените институции се должни да ги спроведат овие препораки во рок од шест месеци од добивањето на мислењето на Комисијата. Во спротивно, Комисијата (согласно член 27

став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација[9]) ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Родителите Роми се спротивставиле на практиките на сегрегацијата во општинското основно училиште „Добри Јовановски“ и побарале помош од ЕРРЦ пред поднесувањето на претставката. ЕРРЦ организираше состанок со родителите за да се добијат податоци во поткрепа на наводите за сегрегација. Организацијата поднесе барања за слободен пристап до информации до основните училишта „Добри Јовановски“ и „Кире Гаврилоски-Јане“, двете лоцирани во областа Тризла во Прилеп. Родителите Роми им објаснија на претставниците на ЕРРЦ дека „Добри Јовановски“ е училиште каде преовладуваат ученици Роми бидејќи кога родителите Роми кои живеат во реонот на основното училиште „Кире Гаврилоски-Јане“ се обидуваат да ги запишат своите деца таму, истите се усно одбивани и препраќани во „Добри Јовановски“ со објаснување дека тоа е „ромско училиште“. Дополнително, поради диспропорционално големиот број ученици Роми во основното училиште „Добри Јовановски“, родителите Македонци често бараат од училишната управа да не ги меша нивните деца со Роми при формирањето на одделенија, што резултира со формирање на чисто етнички ромски одделенија. Статистичките податоци потврдија дека двете училишта во истиот реон се поделени по етничка линија (едното доминантно македонско, а другото ромско), со бројни сегрегирани одделенија составени единствено од ученици Роми формирани во „Добри Јовановски“, додека во „Кире Гаврилоски-Јане“ има едвај запишано неколку ученици Роми во последните две учебни години (8 Роми во 2022/2023 и 9 Роми во 2023/2024), спротивното е случај во „Добри Јовановски“ (1713 Роми во 2022/2023 и 1701 г. 2023/2024). Високиот број на одделенија составени единствено од ученици Роми во училиштето „Добри Јовановски“ упатува на тенденцијата ова училиште набрзо да стане целосно сегрегирано училиште само со ученици Роми (29 сегрегирани одделенија во учебната 2022/2023 година и 27 во 2023/2024 година).

## Библиографија

Amnesty International. (2015). *The State of The World's Human Rights, Annual Report 2014/15*. Повратено од file:///C:/Users/%D0%9E%D0%B3%D0%BD%D0%B5

Antigypsysm. (н.д.). *Antigypsysm*. Повратено од https://www.enar-eu.org/about/antigypsyism/

Baar H. (van). (2011). *The European Roma: minority representation, memory and the limits of transnational governmentality.* Amsterdam: Beheer.

Civil Rights Defenders. (2018). *Ѕидот на анти-циганизмот, Ромите во Македонија.*

End M. (2015). *“Antigypsyism: what's happening in a word?”, in Selling J. et al. (eds), Antiziganism: what's in a word?,.* Cambridge Scholars Publishing, Newcastle upon Tyne.

European Commission against Racism and Intolerance. (2020, December ). *General Policy Recommendation No. 13 on combating antigypsyism and discrimination against Roma, adopted on 24 June 2011 and amended on 1 December 2020.* Strasbourg: European Commission against Racism and Intolerance.

European Roma Rights Centre. (2007). *The Impact of Legislation and Policies on School Segregation of Romani Children.*

Grosfoguel R. (2016). “What is racism?”. *Journal of World-System Research Vol. 22, Issue 1*, 10.

Hancock I. (1997). *“The roots of antigypsyism: to the Holocaust and after”, in Colijn G. J. and Littell M. S. (eds),.* Lanham: University Press of America.

[9] Законот за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година

Harvard University. (2015). *Strategies and Tactics to Combat Segregation, Case studies from Romania, Croatia, Hungary, Czech Republic.* FXB Center for Health and Human Rights.

Holler M. (2015). *“Historical predecessors of the term ‘anti-gypsyism’”, in Selling J. et al. (eds), Antiziganism: what’s in a word?* Cambridge Scholars Publishing, Newcastle upon Tyne.

McGarry A. (2017). *Romaphobia: the last acceptable form of racism, .* London: Zed Books.

Nick Johnson and John Tatam. (2009). *Good relations: a conceptual analysis, Equality and Human Rights Commission Research report 42.* Institute of Community Cohesion (iCoCo).

Petroska-Beška, V., Najčevska M., Kenig N., Ballazhi S., Tomovska A. . (2009). *Study on Multiculturalism and Inter-Ethnic Relations in Education / Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието.* Skopje: UNICEF.

Report prepared by Iulius Rostas. (2021). *Antigypsyism: Causes, prevalence , consequences, possible responses Committee of experts on Roma and Traveller issues (ADI-ROM).* Council of Europe.

Rostas I. and Kostka J. (2014). “Structural dimensions of Roma school desegregation policies in Central and Eastern Europe”. *European Educational Research Journal Vol. 13. No. 3*, 268-81.

Timo Makkonen. (2007). *Measuring Discrimination. Data Collection and EU Equality Law. European Commission, Directorate-General for Employment, Social Affairs and Equal Opportunities, Unit G.2.*

UNDP. (2008). *People-Centred Analysis Report.*

UNICEF. (2009). *Toward Roma Inclusion: A Review of Roma Education Initiatives in Central and South-Eastern Europe.* Geneva: UNICEF Regional Office for Central and Eastern Europe and the Commonwealth of Independent States.

US Department of the State. (н.д.). *Country Reports on Human Rights Practices.*

US Department of the State: Country Reports on Human Rights Practices. (н.д.). *US Department of the State: Country Reports on Human Rights Practices.* Повратено од http://www.state.gov/j/drl/rls/hrrpt/humanrightsreport/index.htm#wrapper

Годишни извештаи на Народниот правобранител. (н.д.). Повратено од http://ombudsman.mk/MK/godishni_izveshtai.aspx

Европски суд за човекови права, пресуда од 13/03/2023, Апликации бр. 11811/20 и 13550/20, Елмазова и други против Северна Македонија. (н.д.).

Европски Центар за правата на Ромите. (н.д.). *Комисија за спречување и заштита од дискриминација утврди дискриминација и сегрегација на ученици Роми во прилепско.* Повратено од https://www.errc.org/uploads/upload_en/file/5555_file1_komisijata-za-sprecuvanje-i-zastita-od-diskriminacija-utvrdi-diskriminacija-i-segregacija-na-ucenici-romi-vo-prilepsko-uciliste.pdf

Закон за основно образование, Службен весник на РМ бр. 103/08 од 19.08.2008. (н.д.).

Законот за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година. (н.д.).

Извештај на народниот правобранител. (н.д.). *Информации за состојбата со запишувањето на Ромите во прво одделение и нивното распоредување по паралелки меѓу учениците од друга етничка припадност во учебната 2014/15 година*. Повратено од http://ombudsman.mk/upload/

Казанџиска, М., Ристеска, М., Шмит, В.,. (2012). *Родовиот јаз во платите во Поранешната Југословенска Република Македонија.* International Labour Organization.

Македонски центар за меѓународна соработка. (2008). *Поимник на изрази поврзани со дискриминација.* Повратено од http://www.kzd.mk/phocadownload/poimnik-naizrazi-povrzani-so-diskriminacijata-2008.pdf

Министерство за труд и социјална политика. (2004). *Стратегија за Ромите во Република Македонија.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика.

Министерство за труд и социјална политика. (2014). *Стратегија за Ромите 2014-2020.*

Симоска, Е. и сор. (2015). *Имаат ли Ромите подобро образование денес?* Повратено од : http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/imaat-li-romite-podobroobrazovanie-denes.pdf

Спасовски О. (2015). *Сегрегација на Ромите во образованието во Република Македонија?!? : извештај од испитување на јавно мислење кај Ромите.* Скопје: Фондација отворено општество - Македонија.

Фонд за образование на Ромите. (2010). *Унапредување на образованието на Ромите во Македонија – процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите (работна верзија).* Будимпешта.

ФООМ. (2013). *Образованието на учениците со ниски постигања во учењето.* Скопје: Фондација Отворено општество - Македонија.

Фридман, Е. и сор. (2012). *Извештај на Граѓанското општество за имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија и акциските планови за Декадата во Р. Македонија во 2012 година.*

Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија. (2014). *АНАЛИЗА: Помеѓу имплементација и реалност на националната стратегија за инклузија на Ромите – 2005-2015.* Скопје.

Хелсиншки комитет на Р. Македонија,. (2009, 2). *Месечен извештај.* Повратено од http://www.mhc.org.mk/reports/84#